# ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Данела Арсовска,<br>Градоначалник на Град Скопје |
| ИЗГОТВУВАЧ: | Сектор за финансиски прашања |
| ПРЕТСТАВНИК: | Снежана Митревска<br>Раководител на Сектор за финансиски прашања |

# ПРЕДЛОГ – БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР за 2022 година

Скопје, јануари 2022

**Предлог**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број 5/2002) и член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), Советот на Град Скопје на ____________ седница одржана на ____________ донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2022 година**

| Ред. број | Активност | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1 | Советот на Град Скопје го усвојува буџетскиот календар | до 31 март |
| 2 | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите сектори и буџетски корисници | до 10 мај |
| 3 | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | најдоцна до 10 јули |
| 4 | Секторите доставуваат предлог на план за програми за развој со комплетна проектна и техничка документација | најдоцна до 10 јули |
| 5 | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува градоначалникот за основните параметри | до 15 август |
| 6 | Министерство за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 7 | Се подготвува Предлог-План на програми за развој и се доставува до Советот на одобрување | до 20 октомври |
| 8 | Советот го одобрува Предлог-Планот на програми за развој и истиот станува составен дел на Предлог-Буџетот | најдоцна до 15 ноември |
| 9 | Градоначалникот доставува Предлог буџет до Советот на Град Скопје | најдоцна до 10 декември |
| 10 | Советот на Град Скопје го усвојува Предлог буџетот на Град Скопје | најдоцна до 31 декември |

Буџетскиот календар за 2022 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје„.

Број ___________

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

____________2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

Образложение

Буџетскиот календар за 2022 година е изготвен согласно член 27 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21).

Со буџетскиот календар за 2022 година се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на Град Скопје за 2023 година, во рамки на роковите утврдени во Законот за буџетите и Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа, како и спецификите на Градот Скопје и се дефинираат потребните рокови за преземање на сите дејствија кои претставуваат пропратен и задолжителен елемент во процесот на подготовка и донесување на буџетот на Град Скопје, во законски утврдените рокови.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ГРАД СКОПЈЕ